


ДОБРИ ВЕСТИ ОД

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 3

**ФОРУМ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА СО WORLD CAFÉ МЕТОД**

**ЗА БОРБА ПРОТИВ МРЕЖА ИСТО ТАКА Е ПОТРЕБНА МРЕЖА – АНТИКОРУПЦИСКИ СРЕДБИ ПО РАБОТНО ВРЕМЕ**

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**

**СЕМЕЈНА ПОДДРШКА ЗА ДЕЦАТА НА УЛИЦА И ПИТАЧЕЊЕТО**

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

МАЈ 2024

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ:
ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПРЕДГОВОР



## Дитер ШИНДЛАУЕР

*Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“*

*„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.*

Драги читатели,

И нашиот трет квартален извештај е исполнет со добри вести од различни области од владеење на правото во кои е вклучен нашиот проект. Во ова издание ќе најдете настани кои вреди да се прочитаат за да може да се почувствува надежта и добрите пристапи со кои се одликуваат истите.

Ќе прочитате за преземените чекори во делот со дисциплинските постапки за јавните обвинители, понатамошните чекори за спроведување на препораките од Оценската мисија на ЕУ во Судскиот совет, интервју со нашиот лидер на компонента Гжегож Борковски кој исто така го споделува неговото лично искуство при заложбата за непристрасност и независност на правосудството во Полска. Понатаму ќе дознаете за успешното споделување на знаење од Словенија во борбата против корупцијата од страна на полицијата и во прекуграничните операции, а воедно ќе бидете инспирирани од искуствата кои се споделуваат на неформалните антикорупциски средби организирани од нашата компонента посветена на спречување корупција.

Во овој извештаен период беше одржан првиот Форум за човекови права, настан на кој беа разгледани можностите за неопходни промени во системот за заштита на човековите права, кој беше одржан на партиципативен начин со примена на методот ‘World Cafe’.

# ПРЕДГОВОР

Проектот, исто така, одржа настан за прашањата на меѓусекторската дискриминација на жените и девојчињата Ромки и, заедно со канцеларијата на Народниот правобранител, го одбележа Меѓународниот ден на децата на улица со динамична дискусија за секојдневните борби на засегнатите деца и нивните родители, во Дневен центар за деца на улица.

И секако може да прочитате и за нашиот успешен втор состанок на Управниот одбор, кој беше одбележан со комуникација и посветеност со нашите локални партнери и даде зелено светло за уште еден многу предизвикувачки, но дефинитивно вреден работен план за нашиот проект.

Уживајте во добрите вести!

Дитер Шиндлауер
Тим лидер

# ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ

## ФОРУМ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Првиот Форум за човекови права, одржан на 26 март 2024, го означи почетокот на годишната традиција – партиципативни настани овозможени од проектот за Поддршка на ЕУ за владеењето на правото, исклучиво прилагоден за корисничките институциите за застапувањето за човекови права.

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

Проектот ја искористи можноста да ја нагласи важноста на здрави семејни средини и квалитетна родителска грижа во спречувањето и решавањето на проблемот со децата на улица.

## СУДСКИ СОВЕТ: РЕВИЗИЈА НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Судскиот совет на Република Северна Македонија со поддршка на проектот презеде уште еден клучен чекор кон зајакнување на судскиот интегритет и оперативната транспарентност со измена на подзаконските акти.

# Ајде да зборуваме за...

- Поддршка на ЕУ за владеење на правото: Презентирање на клучните достигнувања и идните планови на вториот состанок на Управниот одбор
- ДКСК ја зајакнува дигиталната инфраструктура и безбедноста преку политика за управување со пристап на корисници
- Транспарентноста и образованието како клучни елементи во борбата против системската корупција во Северна Македонија
- Иновативната методологија на World Café го олеснува заедничкиот дијалог за застапување на човековите права
- Катализатори на промени - решителен став на органите за спроведување на законот во борбата против корупцијата во Северна Македонија
- Решавање на проблемот со децата на улица и питачење преку семејна поддршка
- Зајакнување на одговорноста преку подобрување на дисциплинските постапки за јавните обвинители
- За борба против мрежа исто така е потребна мрежа – Антикорупциски средби по работно време
- Напредок во спроведувањето на препораките од Извештајот на оценската мисијата на ЕУ: ревидирање на подзаконски акти за подобрување на ефикасноста на Судскиот совет
- Дијалог за меѓусекторска дискриминација и пристап до правда за жените и девојките Ромки

# Поддршка на ЕУ за владеење на правото: Презентирање на клучните достигнувања и идните планови на вториот состанок на Управниот одбор

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ неодамна го организираше својот втор состанок на Управниот одбор, значајно обележје во тековните напори за унапредување на правосудството и човековите права и борбата против организираниот криминал и корупцијата во Северна Македонија. Состанокот кој се одржа на 21 март 2024 година, во просториите на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), послужи како платформа за тимот на проектот да ги презентира главните моменти од Извештајот за напредокот кој го опфаќа периодот од септември 2023 до февруари 2024 година, во исто време наведувајќи ги и претстојните активности.

**Марциа Палота,** програмски офицер од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, им упати топло добредојде на учесниците, нагласувајќи ја значителната можност за Северна Македонија да постигне напредок во областите на правосудството, човековите права, борбата против организираниот криминал и напорите за спречување на корупцијата, преку активностите на проектот.






**Агнес Таибл,** проектната директорка, рече дека е горда на постигнатото заедно, што може да се види од резултатите и достигнувањата документирани во Првиот наративен извештај.

Во таа насока, таа ја истакна професионалната соработка помеѓу експертите на проектот и локалните партнерски институции како клучна за успехот на проектот, во сите четири компоненти.

Од самиот почеток на проектот, експертите имаа блиска соработка со локалните партнери, секојдневно зацврстувајќи ги односите и соработката, овозможувајќи му на проектниот тим да ги прилагоди проектните активности според потребите и локалната реалност на Северна Македонија, и на тој начин тоа пак ќе придонесе напорите да не бидат само ефективни, туку и одржливи. Презентациите од лидерите на компонентите иницираа конструктивни дискусии со претставниците од институциите корисници, коишто изразија благодарност за поддршката и придонесот на проектот во полето на владеење на правото.



**Весна Дамева,** Претседател на Судскиот совет, го поздрави значајниот напредок што е постигнат во изминатите месеци како резултат на посветеноста на експертите од Компонента 1 и со нетрпение ги очекува резултатите што треба да произлезат од проектот во следниот период. **Сашо Јовановски,** Раководител на Одделението за корупција при Министерството за внатрешни работи им честиташе на Роберт Шплајт, Лидер на Компонента 2, како и на раководството на целиот проект за лидерството што го покажаа во истрагите за спречување на криминал, предвидувајќи континуиран успех и во претстојниот тригодишен период. Осврнувајќи се на потребата од поддршка, **Бесник Џемаили** од Државната комисија за спречување на корупцијата ја нагласи важноста од соработка меѓу институциите со цел унапредување на системот во полето на спречување на корупцијата. Гордана Тренковска, Заменик раководител на сектор при Министерството за труд и социјална политика го истакна Националниот акциски план за правата на детето како основа за имплементација на Европската детска гаранција, чија цел е унапредување на детските права, а исто така нагласи дека е многу важно зајакнувањето на рамките против дискриминација, коишто би овозможиле анализа на случаите на дискриминација во конкретни области.

**Дијана Ѓеровска,** Раководител на одделението за надзор над спроведувањето пробациски мерки во Управата за извршување санкции ги истакна опипливите резултати што беа постигнати преку тркалезните маси за алтернативни санкции, нагласувајќи го значителното зголемување на бројот на активни пробациски случаи и позитивните промени во спроведувањето, што е само потврда за позитивното влијание и делотворната соработка.



Состанокот на којшто присуствуваа 42 претставници од Делегацијата на ЕУ, партнери во конзорциумот, институции корисници на проектот и експерти ја поздравија соработката и вложените напори во насока на поддршка за поправедно и потранспарентно општество во Северна Македонија.
Проектот ќе продолжи да ги поддржува институциите преку изготвување стратегии, спроведување кампањи за подигање на свеста, работилници, обуки и иницијативи за градење капацитети и во следните шест месеци.







# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ


















# Политика за управување со пристап на корисници

Во последниве години, ДКСК претрпе значителни трансформативни промени со што се прошири сложеноста на нејзините активности и нејзиното работење. Важен настан во 2021 година за ДКСК беше преместување во нова зграда, транзиција што обезбеди можности за зголемување на бројот на вработени и воспоставување сала за сервери што овозможува подобрена ИТ инфраструктура.

ДКСК ја започна дигитализацијата за да остане во тек со еволуирачката средина во дигиталната ера. Со поддршка од ЕУ, низ годините беа изготвени и имплементирани значителен број ИКТ алатки и решенија за зајакнување на оперативната ефикасност. Овие ИТ решенија одиграа суштинска улога во подобрувањето на работата на ДКСК.



Од почетокот на проектот, беше јасно дека има потреба од од подетален пристап за управувањето и одржувањето на софтверот и хардверот. Затоа, Компонентата 3 се фокусира на поддршка на ДКСК во обезбедувањето на соодветно управување со внатрешните контроли на ИКТ алатките и решенијата за подобрување на безбедноста на информациите.

Почнувајќи од ноември, Компонентата 3 тесно соработуваше со ИТ тимот на ДКСК за да обезбеди правилно управување со правата за пристап до сите ИКТ решенија преку обезбедување на методологија и поддршка на работното место, спроведувајќи сеопфатен преглед во врска со правата за пристап за сите вработени во ДКСК. Овој трудољубив преглед ги посочи празнините и значајните прашања кои веднаш беа адресирани преку корективни активности во текот на процесот.

Важен исход од оваа работа беше потребата да се развие „Политика за управување со пристап на корисници“ за да се обезбеди одржливост на напредокот постигнат преку работата спроведена со поддршка на Компонентата. Оваа политика ќе служи како внатрешна регулаторна рамка за доделување и одземање права за пристап на вработените преку сите ИКТ алатки и решенија за сите вработени во ДКСК во иднина. Овој проактивен пристап обезбедува посигурна и поефикасна дигитална средина за тековното и идно работење на ДКСК.

На крајот на месец април, комисијата ја усвои политиката, а компонентата пак ќе ја поддржи ДКСК при спроведувањето на истата.



# Транспарентноста и образованието како клучни елементи во борбата против системската корупција во Северна Македонија

На 23 април 2024 година во просториите на НЛБ Банка во Скопје се одржа важно предавање насловено „Соочување со економијата со системска корупција“. Овој настан беше организиран како дел од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото”, во соработка со Амбасадата на Словенија и Здружението на словенечки и македонски претприемачи.

**М-р Мојца Кузмицки,** експертка за борба против корупција и перење пари, и **д-р Давид Смолеј,** експерт за антикорупциски мерки, ги споделија своите практични искуства во борбата против корупцијата со претставниците на бизнис секторот во Северна Македонија.




Предавањето истакна неколку клучни точки. Прво, беше истакнато значењето на борбата против корупцијата за одржување на транспарентноста и правичноста, како во владиниот така и во приватниот сектор. Се разговараше за тоа како корупцијата може да им наштети на демократските институции и да го попречи економскиот напредок.

Беа презентирани и ефективни стратегии во борбата против корупцијата. Овие стратегии вклучуваат зајакнување на правната рамка, формирање независни надзорни тела и ангажирање на граѓанското општество во процесот.

Меѓу другото, беше истакната важноста на меѓународната соработка. Спроведувањето на договори и конвенции кои ја олеснуваат прекуграничната правосудна соработка и размената на витални информации беа истакнати како суштински чекори за спречување на ширењето на корупцијата преку границите.

Исто така се дискутираше и за улогата на образованието во подигањето на свеста за негативните влијанија на корупцијата и промовирањето на етичкото однесување. Едукацијата на јавноста за штетните ефекти на корупцијата се смета за клучна за да се добие поддршка за напорите за борба против корупцијата.

Севкупно, предавањето понуди битни сознанија за сложеноста на борбата против системската корупција и ја нагласи важноста на заедничките напори и на национално и на меѓународно ниво.




REPUBLIC OF SLOVENIA
MINISTRY OF THE INTERIOR
JUDICIARY
POLICE
ANTI-CORR

# Иновативната методологија на World Café го олеснува заедничкиот дијалог за застапување на човековите права

Првиот Форум за човекови права, одржан на 26 март 20214 година, го означи почетокот на годишната традиција – партиципативни настани овозможени од проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото, исклучиво прилагоден за институциите корисници во застапувањето за човекови права.



**Целта на форумот беше јасна:** заеднички да се идентификуваат предизвиците и неопходните подобрувања во рамките на системот за заштита на човековите права во Северна Македонија. Околу триесет учесници, секој со свое искуство и стручност, се собраа за да ги споделат нивните искуства и знаење, поттикнувајќи богата размена на идеи.

Она што беше важно за овој настан беше искористувањето на партиципативната методологија на World Café. Овој пристап, избран поради неговиот капацитет да поттикнува отворен дијалог и соработка, обезбеди платформа за суштествена комуникација на засегнатите страни.

## Што ја прави посебна методологијата на World Café?

Станува збор за инклузивност. Преку овој пристап, секој глас присутен во просторијата има можност да биде слушнат и ценет. За секоја група беше изготвен сет на прашања по кои се водеше дискусијата и на тој начин колективното знаење беше достапно за сите. Освен размена на мислења во мали групи, методот вклучуваше и ротирање на учесниците во останатите групи. Оваа ротација на учесниците од една работна група во друга овозможи споделување и поврзување на идеите од различни групи.

Креирањето на практични насоки за зајакнување на стратешката соработка меѓу институциите беше идентификувано како потреба од страна на сегашните чинители за унапредување на системот за заштита на човековите права. Следствено на ова, се планираат дополнителни настани за вмрежување како што е World Café.
Сите препораки собрани од дискусиите за време на форумот се вклучени во сеопфатен извештај.





**МЕТОДОЛОГИЈАТА НА WORLD CAFÉ:**

***„Најплодните дискусии се случуваат за време на кафе паузата!***

World Café се базира врз искуството дека најплодните разговори - на пример на конференции - се случуваат за време на кафе паузите.
Методот World Café едноставно се обидува да имитира продолжена (но структурирана) конференциска кафе пауза.

**Придобивката од World Café е што учесниците добиваат време и простор за:**

- меѓусебна комуникација и вмрежување,
- да се вклучат во тема и да придонесат со своето искуство/знаење/проблеми,
- детално да разговараат за нешто што навистина им е важно,
- да смислат решенија/идеи/дејства,
- да најдат одговори за прилично комплицирани и сложени прашања, теми или проблеми што некој (!) не може сам да ги реши бидејќи му треба искуство, знаење и колективна мудрост на групата.



**За World Café е потребно модератор, учесници, просторија со многу маси и столови, малку кафе и (најважно од се):**

- јасна цел
- тема која навистина е важна за учесниците (нивниот живот и/или работа)
- прашања кои се интересни, привлечни и сложени за да започнат разговорите кои се важни. Добрите прашања не мора да подразбираат итни чекори за дејство или решавање на проблеми. Тие треба да поттикнат истражување и откривање.




**За повеќе информации и водич како да се организира, посетете го следниот линк:**

[https://theworldcafe.com/key-concepts-resources/world-cafe-method/](https://theworldcafe.com/key-concepts-resources/world-cafe-method/)

# Катализатори на промени - Одлучен став на органите на прогонот во борбата против корупцијата во Северна Македонија

Проектот за „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ одржа настан во Северна Македонија, насловен како „Катализатори на промени“, со цел зајакнување на посветеноста на органите за спроведување на законот за борба против корупцијата. На настанот беа споделени најдобрите практики и иновативните стратегии од словенечката полициска практика, со цел да иницираат промени во антикорупциските политики на Северна Македонија. Учесниците анализираа успешни модели од други земји на ЕУ, овозможувајќи им да развијат силни антикорупциски механизми прилагодени на нивните правни и социјални рамки. Исто така, беше истакна важноста на прекуграничната соработка во борбата против корупцијата, нагласувајќи ја потребата од координиран пристап преку националните граници.







**Утрински сесии:**

Настанот беше отворен со воведното обраќање на експертката **м-р Мојца Кузмички** која ја престави агендата и ја истакна колективната решителност за борба против корупцијата.

Потоа следеше презентацијата на **д-р Давид Смолеј,** кој ги наведе „Правните и организациските аспекти на борбата против корупцијата во Словенија и ЕУ“. Неговото излагање понуди компаративна рамка, покажувајќи како Словенија ги унапредува своите правни механизми за ефикасно справување со корупцијата, нудејќи вредни лекции за Северна Македонија.

Потоа, **м-р Матјаж Јеркиќ** елаборираше на темата „Како ефикасно да се користат тајните истражни мерки во истрагата за корупциски кривични дела во Словенија“. Неговата сесија, поделена на два дела, навлезе во сложеноста на тајните операции, подобрувајќи го разбирањето на присутните за софистицираните истражни техники клучни за напорите за борба против корупцијата.

**Попладневни сесии:**
По втората пауза, на учесниците им се обрати **д-р Лидија Раичевиќ,** јавна обвинителка од Скопје, која се осврна на законодавната рамка во Северна Македонија во врска со корупцијата. Нејзиниот говор, насловен „Законодавство што го опфаќа полето на корупцијата во Северна Македонија – какви промени би биле добредојдени“, ги истакна и достигнувањата и празнините во тековната законска рамка. Таа се залагаше за конкретни реформи водени од успешните модели на ЕУ, поттикнувајќи дискусија за практичните чекори напред.

**Заклучоци и вмрежување:**
На крајот на настанот беа повторени клучните сознанија и резултати што може да се применат. Сегментот за вмрежување беше одлична можност за засегнатите страни да воспостават контакти, да разговараат за потенцијални соработки и да споделуваат стратегии за иднина без корупција.

**Влијание и идни чекори:**
Настанот „Катализатори на промени“ претставува значајна пресвртница во патот на Северна Македонија кон засилено владеење и транспарентност. Со постојана поддршка од ЕУ, Северна Македонија е добро подготвена да развие ефективна антикорупциска рамка.
Овој успешен настан го истакна духот на соработка неопходен за искоренување на корупцијата. Како што Северна Македонија продолжува да ги имплементира препораките и собраните сознанија, се бара иднина во која ќе преовладуваат интегритетот и правдата наместо корупцијата.



# Одбележување на Меѓународниот ден за децата на улица

Секоја година на **12 април, Меѓународниот ден за децата на улица**, нуди можност да бидат слушнати потребите на децата на улица и нивните права да не бидат игнорирани. Оваа година, проектот „Поддршка на ЕУ владеењето на правото“ ја искористи можноста да ја нагласи важноста на здрави семејни средини и квалитетна родителска грижа во спречувањето и решавањето на проблемот со децата на улица.

Над 40 претставници на релевантни јавни установи, дневни центри за деца на улица управувани од граѓански организации (ГО) и родители и старатели на деца во ризик учествуваа на собирот за подигање на свеста.



**Нивната мисија?** Да се препознае клучната улога на негувањето на семејните средини во решавањето на актуелното прашање на децата на улица и питачењето.

Организиран во соработка со Канцеларијата на Народниот правобранител (НП), настанот имаше за цел да ги информира родителите и старателите за расположливите ресурси за поддршка за справување со нивните предизвици. Во Дневниот центар, учесниците се вклучија во отворени дискусии, споделувајќи приказни и барајќи решенија.

**МЕСТА КАДЕ РОДИТЕЛИТЕ И СТАРАТЕЛИТЕ МОЖЕ ДА ДОБИЈАТ ПОДДРШКА И СОВЕТ**

- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство

Бесплатната Линија за родители 075 230 530, тим обучени експерти им нуди поддршка и советување на родителите и старателите, секој работен ден, од 10:00 до 16:00 часот.

- Детска Амбасада МЕЃАШИ

СОС линија 02/2 465 316

- Мобилна апликација “Bebbo“ наменета за родители и сите што се грижат за деца на возраст од 0 до 6 години.

- Вовед во позитивно родителство: **ЛИНК** до информативни видеа

- Советувалиште во Центрите за социјална работа за брак и семејство

- Стручна служба во образовните установи

Како што се одвиваа дискусиите, стана очигледно дека многу родители и старатели се соочуваат со конкретни предизвици. Некои изразија загриженост за бирократските блокади, додека други побараа помош за непосредните потреби на нивните семејства.

Дел од учесниците побараа помош од проектот поради долготрајните процедури за регистрација на нивните деца, кои немаат матичен број и сè уште не се запишани во матичната книга на родените. Правните експерти во рамките на проектот веднаш ги контактираа релевантните институции за да ги решат овие проблеми. Беа идентификувани конкретните пречки заради кои имало одложувања и истите беа решени со што продолжи постапката. Експертите ќе го следат предметот се до неговото разрешување, со кое ќе биде доделен матичен број и детето ќе биде заведено во матичната книга на родените.

Мисијата продолжува. Нашата посветеност да им помагаме на семејствата само станува посилна. Работејќи заедно, покажувајќи љубезност и преземајќи дејства обединети како едно, се приближуваме до нашата цел да изградиме посветла иднина за сите.





# Зајакнување на одговорноста преку подобрување на дисциплинските постапки за јавните обвинители

Однесувањето на јавните обвинители, како и она на судиите, не може да биде оставено на нивна дискреција, било да е тоа во или надвор од нивната работа. Ова е особено важно кога се оценуваат активностите на обвинителите и се поведуваат дисциплински постапки против нив.

Она што е важно е дека јавните обвинители треба да бидат одговорни за своите постапки, но во исто време треба да се зачува и нивната независност. За да се постигне оваа рамнотежа, треба да постојат јасни механизми за дисциплинска одговорност на јавните обвинители кои сториле сериозни прекршувања. Овие механизми мора да се засноваат на закон, да се спроведат на транспарентен начин и да бидат надгледувани од независно тело, одвоено од извршната власт.

Во текот на изминатите неколку години, Република Северна Македонија презеде значителни чекори за зајакнување на својот дисциплински систем за јавните обвинители. Еден од овие чекори беше усвојувањето на новиот Закон за Јавното обвинителство (ЈО), кој се однесуваше на препораките дадени од меѓународните тела. Според извештајот на Европската комисија за 2022 година за Република Северна Македонија, правосудните институции постојано спроведуваат нови правила за именување, унапредување, дисциплински постапки и разрешување на судии и јавни обвинители. Преку примената на новите одредби од Законот за ЈО и Правилникот за дисциплинска постапка беше увидена потребата од зајакнување на процесот преку дополнително усогласување на постојната регулатива и праксата на дисциплинските постапки со европските стандарди.



Компонентата 1 спроведе правна анализа и изготви извештај за дисциплинска постапка согласно европските стандарди. За време на состаноците беше забележано дека со исклучок на формалната комуникација, нема доволно секојдневна комуникација помеѓу клучните чинители. Како резултат на тоа, Компонентата 1 организираше тркалезна маса, која беше прва средба од ваков вид, со Јавниот обвинител, членовите на Дисциплинската комисија и членовите на Советот на јавни обвинители.




На средбата, експертите од Компонента 1 го презентираа извештајот за дисциплинска постапка и се дискутираше за тоа како да се применат препораките. Јавниот обвинител, членовите на Дисциплинската комисија и членовите на Советот на јавни обвинители ги споделија предизвиците со кои се соочуваат при водење на дисциплинската постапка, врз основа на нивните соодветни правни улоги и капацитети.

Беше одлучено да се започне процес за изменување и дополнување на Правилникот за дисциплинска постапка. Целта на оваа измена е да се обезбеди воспоставување на правна сигурност и навремено спроведување на постапките. Дополнително, има за цел да им понуди правна заштита на јавните обвинители против кои се водат дисциплински постапки.






RULE OF LAW

# За борба против мрежа исто така е потребна мрежа - Антикорупциска мрежа



Корупцијата често пати се поврзува само со пари и начини на однесување на неколкумина, таканаречени „црвливи јаболка“, коишто работат во здрави системи на владеење. Ова објаснување е премногу едноставно. Според најновите истражувања, корупцијата претставува феномен на создавање мрежа којашто функционира преку воспоставување врски меѓу различни играчи во земји низ целиот свет, без разлика во што веруваат и во кои сектори работат.

Во мај 2023 година, Европската комисија, преку антикорупцискиот пакет на ЕУ, ја формираше Мрежата на ЕУ за спречување корупција, којашто за првпат се состана во септември минатата година, потврдувајќи дека активното вмрежување на луѓето коишто работат во полето на антикорупцијата е една од важните мерки за борба против корупцијата.

Целта на оваа мрежа е да се поттикне соработката, да се идентификуваат трендовите и да се креираат што поделотворни антикорупциски политики во ЕУ. Идејата е да се соберат на едно место, во една мрежа, сите чинители во борбата против корупцијата, од државни органи и експерти во меѓународни организации па сè до релевантни институции на ЕУ. Тоа го кажа и шведската комесарка Илва Јохансон во нејзиниот поздравен говор на првата средба на оваа мрежа - За борба против мрежа исто така е потребна мрежа.



„Сакаме да понудиме неформална платформа преку којашто, луѓето коишто имаат заеднички интерес, а тоа е борба против корупцијата на различни начини, ќе можат да се среќаваат и да разменуваат идеи, планови и проекти. Или едноставно да споделуваат меѓусебно што работат и да изградат цврсти и трајни професионални односи“, одговори **Лена Андерсон** на прашањето - зошто компонентата е домаќин на овие антикорупциски средби после работа.

Исто така, личните релации можат да го потпомогнат конструктивниот ангажман меѓу антикорупциските власти и невладините организации, и токму затоа сме среќни што гледаме дека на овие настани доаѓаат претставници и од двете сфери.

Ова согледување го споделија со компонентата вработени во ДКСК, коишто досега присуствувале на сите антикорупциски средби после работа. Тие, овие средби ги гледаат како еден од начините на проширување на мрежата на институции и градење заедничка култура на интегритет против корупцијата. Фактот што компонентата е редовен домаќин на антикорупциските средби после работа е само уште една потврда за цврстата професионалната соработка што постои меѓу компонентата и ДКСК.

Дарко Дачевски, Советник во ДКСК, којшто има работено на голем број предмети по коишто постапувала ДКСК, ја препознава потребата од здружување на силите со цел подобрување на борбата против корупцијата.

> „Присуството на овие неформални антикорупциски средби после работа ми дава можност да разменувам искуства со професионалци од други органи со слични надлежности, особено за нивните работни процедури и да иницирам подобрување на нашите сопствени процедури“, вели Дарко.

Кога вмрежувањето е поттикнато од заеднички интереси, имате чувство дека е многу поавтентично, вели Лена. Кога размислувате повеќе за тоа што можете да им дадете на другите наместо што можете да добиете од нив, вмрежувањето не изгледа толку како самопромовирање, туку напротив, несебично - и токму заради тоа заслужува да одвоите дел од вашето време. Ова е тоа кон што се стремиме и мислиме дека токму затоа интересот за присуство на овие антикорупциски средби после работа е толку голем.

На овие антикорупциски средби после работа досега присуствувалепрофесионалци од десетина организации, од Министерството за внатрешни работи па се` до Здружението на внатрешни ревизори.

Добредојдени се сите коишто се сакаат да ни се придружат на следната антикорупциска средба после работа, која ќе се одржи во среда, на 5 јуни 2024 г., од 15.30 ч. во „Бистро Комедија“.



# Унапредување на имплементацијата на препораките од извештајот на Оценската мисија на ЕУ: Измена на подзаконските акти со цел да се зголеми ефикасноста на Судскиот совет

Со поддршка на проектот, Судскиот совет на Република Северна Македонија презема уште еден суштински значаен чекор кон јакнење на судскиот интегритет и оперативната транспарентност преку измена на своите подзаконски акти. Оваа иницијатива, која е дел од серијата реформи иницирани со извештајот на Оценската мисија на ЕУ од 2023 година ја означи кулминацијата на напорите од повеќе работилници насочени кон рафинирање на судската мрежа согласно со европските стандарди.

Работилницата се одржа во Маврово од 15-17 април и на неа учествуваа петнаесет членови, како и административен персонал од Судскиот совет. Ова беше трета од серија работилници, притоа првите две беа успешно организирани во Велес и Скопје во јануари и март. Работилницата се фокусираше на комплексните детали од судското работење, поконкретно таргетирајќи го јакнењето на процедуралните упатства, евалуацијата и рангирањето на судиите, како и стратешката комуникација. Едно од позначајните достигнувања од работилницата беше ревидирањето на Деловникот на Судскиот совет, како и Прирачникот за рангирање на кандидати за избор во повисок суд.






Работилницата се фокусираше на прецизно прилагодување на начинот на постапување во однос на судиските назначувања и оценки, како и на подобрување на оперативните насоки на Советот. Се очекува овие ажурирања да ја подигнат транспарентноста и ефикасноста на операциите и да доведат до имплементација на препораките на Оценската мисија на ЕУ од 2023 година упатени до Советот.

**ИЗМЕНЕТИ ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ОД СТРАНА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- **Измена на Деловникот на Судскиот совет**
- **Измена на Правилникот за рангирање на кандидати за избор во повисок суд**
- **Унапредување на Оперативните упатства**

Измените треба да го подобрат начинот на кој работи Судскиот совет, правејќи ги неговите постапки потранспарентни и процесот на донесување одлуки поригорозен и поотчетен. Амандманите беа усогласени со неколку европски стандарди, особено оние кои имаат за цел да го забрзаат процесот на оценување на работата на судството и да ја зголемат транспарентноста на Советот.



Значајните напори на Судскиот совет, водени од целите наведени во извештајот на Оценската мисија на ЕУ и поддржани од експертизата на нашиот проект, претставуваат значителен чекор кон потранспарентно, поефикасно и поодговорно управување во судството во Северна Македонија. Со овие реформи, Советот не само што ги подобрува своите оперативни стандарди, туку и негува стабилна средина на доверба и интегритет, придонесувајќи кон иднината каде владеењето на правото постојано ќе се одржува и почитува.





# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ













# Дијалог за интерсекциска дискриминација и пристап до правда за жените и девојките Ромки

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото” (RoLaw) го поддржа организирањето на јавната дискусија за повеќекратна и интерсекциска дискриминација и пристап до правдата со посебен фокус на жените и девојките Ромки. Ова е прв заеднички настан на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) и Народниот правобранител, во партнерство со Министерството за труд и социјална политика (МТСП).

Јавната дискусија беше клучен собир на активисти, правници и експерти кои работат на еднаквоста на правата на жените и девојките Ромки, како и на еднаквоста на другите маргинализирани групи. Учесниците детално ја разгледаа сложеноста на причините за нееднаквоста и дискриминаторските пречки во пристапот до правдата за жените и девојките Ромки, како и изнаоѓањето начини и конкретни предлози за отстранување на овие пречки.



Динамичната и доста активна дискусија, вешто модерирана од **Драгана Дрндаревска (КСЗД),** ја покажа потребата од повеќе јавни настани каде што на клучните засегнати страни ќе им се даде шанса да ги споделат своите мислења и искуства за клучните прашања за еднаквост и недискриминација, како што е пристап до правда за жените и девојките Ромки. Дискусијата беше дополнително збогатена со излагањата на **Васка Бајрамовска Мустафа (од институцијата Народен правобранител) и Мабера Камери (МТСП)** – исклучителни Ромки кои со децении работат на еднаквоста и правата на Ромите и жените и девојките, како и воведното обраќање на **Игор Јадровски (КСЗД)** со кое се потврдува недвосмислената посветеност на КСЗД за ова горливо прашање.




Овој настан ја одразува постојаната посветеност на проектот RoLaw да придонесе што е можно повеќе за успешно спроведување на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојките Ромки (2022-2024). Истиот претставува значаен чекор напред во нашите колективни напори за промовирање на интерсекциска правда - стремеж кон обезбедување рамноправен пристап до правата, можностите, ресурсите и општествената моќ за сите, вклучително и за жените и девојките Ромки.

Резултатите од дискусијата ќе бидат објавени во посебен извештај за јавен настан, а ќе се користат и во процесот на изготвување на првиот заеднички извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител на тема повеќекратна и интерсекциска дискриминација и пристап до правда, со посебен фокус на жените и девојките Ромки. Извештајот ќе биде објавен во 2024 година.



# БОРКОВСКИ
# Гжегож

ИНТЕРВЈУ

# ЗАПОЗНАЈТЕ ГО ТИМОТ

## ЛИДЕР НА КОМПОНЕНТА

# „Градење доверба како елемент на градењето на правна држава”

***Запознајте го тимот: Интервјуто има за цел да даде вовед и да Ви ги претстави членовите на тимот на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото."***

**Д-р. Гжегож Борковски** има повеќе од 17 години професионално искуство како судија во Полска и работел во основни, како и во апелациони судови. Започнувајќи од 2018 година, тој работел на проектот EURALIUS V, финансиран од ЕУ во Албанија, како лидер на компонента поддржувајќи го новоформираниот Висок судски совет, Високиот обвинителски совет и други владини институции. Во периодот од 2015 до 2018 година ја извршувал функцијата шеф на канцеларијата на Националниот судски совет во ранг на државен потсекретар, а претходно пет години работел во Националната школа за правосудство и јавно обвинителство како раководител на Одделот за меѓународна соработка. Исто така, тој бил избран за прв раководител на Консултативниот одбор на Програмата HELP при Советот на Европа и како полски судија работел една година како адвокат во Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Тој има долгогодишно работно искуство како експерт за судство и на меѓународни проекти, како и со меѓународни организации, како што се ОБСЕ-ОДИХР, Европската мрежа за обука на судии, Комисијата за образование за општествена правда, Европската мрежа на судски совети, Централно и Источно-европската правна иницијатива (CEELI), ЕПА, УСАИД, Институтот за меѓурегионални истражувања за криминал и правда на ОН - УНИКРИ, УНДП, итн. и е автор на многу публикации за прашања кои се однесуваат на владеењето на правото.

**Како лидер на компонента 1 која се фокусира на судството во Северна Македонија во рамки на проектот на ЕУ за поддршка на правото, на кој начин го дефинирате владеењето на правото?**

Како судија, јас сум практичар, а не теоретичар. Можам да цитирам дефиниција на друг практичар, судија на Врховниот суд на САД, кој разговарајќи за непристојноста и за дефиниција на порнографијата во 60-тите години на дваесеттиот век, рече: „Не можам да ви дадам дефиниција за тоа, но го знам тоа кога ќе го видам“.

Овој интуитивен начин на дефинирање се однесува и на владеењето на правото. Имено, кога сите го почитуваат законот, не само обичните луѓе, туку и властите, судиите, обвинителите и кој и да има власт, тогаш гледаме дека се занимаваме со владеење на правото. Но, за мене тоа не е сè - она што е важно е довербата на луѓето во државата и нејзините власти.
Ако луѓето ги почитуваат уставот и законите, не само поради потенцијалните санкции, туку затоа што имаат доверба во тие правила, тогаш постои правна држава. Она кон што се обидуваме да се стремиме е да имаме судство кое правилно и транспарентно ќе ги извршува своите должности, бидејќи на тој начин може да се стекне довербата на народот. Конечно, луѓето имаат потреба од правда и таа треба да се спроведува на брз и транспарентен начин.

**Според Вашето мислење, кои се главните цели или приоритети на компонента 1 во Северна Македонија за зајакнување на владеењето на правото во рамки на судството во следните три години и на кој начин го мерите влијанието од овие напори?**

Може да се постигне успех на многу полиња и постојат многу предизвици. Подобрувањето на транспарентноста на системот за именување и унапредување на судии и обвинители во согласност со европските стандарди, подобрувањето на употребата на ИТ во судството и зајакнувањето на независноста на судските органи и на самите судии се клучните прашања. Исто така, зборуваме за независноста не само на судството во однос на другите гранки на власт во државата, туку и за независноста на поединечни судии во однос на нивните колеги, претседателите на судовите, и парадоксално и за независност од општеството во смисла дека кога се работи за предмети од висок профил, судијата треба да биде доволно силен за да остане непристрасен и независен од надворешни притисоци, што е голем предизвик.



Исто така, зборуваме за независноста не само на судството во однос на другите гранки на власт во државата, туку и за независноста на поединечни судии во однос на нивните колеги, претседателите на судовите, и парадоксално и за независност од општеството во смисла дека кога се работи за предмети од висок профил, судијата треба да биде доволно силен за да остане непристрасен и независен од надворешни притисоци, што е голем предизвик.
Во однос на ИТ во правосудството, приоритети би биле воведување на нов електронски систем за управување со предметите во обвинителствата, градење на ИТ капацитети и изготвување и усвојување на ИТ стратегијата за правосудниот сектор за периодот 2025-2029 година.
Друг приоритет се и односите меѓу судството, обвинителството и медиумите. Се обидуваме да ја постигнеме таа цел, меѓу другото и со поддршка на Судскиот совет во работата на Комуникациската стратегија за Советот и судовите. Во моментов документот е во основа готов и по консултации со претседателите на судовите треба да биде усвоен во рок од два месеци. Слично, работиме и на Комуникациската стратегија за Советот на јавни обвинители и обвинителствата.
Генерално, се фокусираме на следните области за кои сметаме дека се клучни: подобрување на вештините на судиите, обвинителите и кандидатите за тие професии, како и на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, имплементацијата на подобра технологија во судството, зајакнување на независноста и транспарентноста на сите правосудни органи и поддршка на Министерството за правда во спроведување на Стратегијата за правосудство. Со цел да го измериме нашето влијание, внимателно ќе ги следиме подобрувањата, ќе добиеме повратни информации од правната фела и ќе посветиме особено внимание на перцепцијата во однос на довербата на јавноста во судството. Со други зборови, ќе постигнеме успех доколку по спроведувањето на нашиот проект, истражувањата покажат дека довербата во судството е зголемена.

**Дали би можеле да споделите примери на успешни иницијативи или реформи спроведени од компонента 1 кои придонеле кон подобрување на ефективноста на судството?**

Би рекол дека главниот успех беше нашата поддршка во изготвување и усвојување на Развојната стратегија за правосудство од страна на Министерството за правда. Од самиот почеток на проектот, ја поддржавме работната група предводена од проф. Камбовски во изготвувањето на Стратегијата за правосудство која ќе ги одразува стандардите на ЕУ, заедно со алатките за оцена на влијание и мониторинг.

Беше голем предизвик да се соберат релевантни податоци од сите наши корисници и целиот тим беше активно вклучен во оваа задача. Беше големи успех што успеавме да го финализираме документот до крајот на минатата година и Развојната стратегија за правосудство за 2024-2028 година беше усвоена во декември 2023 година.
Сега го поддржуваме Министерството за правда во мониторингот на имплементацијата на Стратегијата, кој откако ќе се спроведе, согласно со европските стандарди ќе ја подигне ефективноста на функционирањето на целиот правосуден систем.
Друг пример на успех во однос на судството би била поддршката на Судскиот совет во изготвувањето на Акциски план за спроведување на препораките на Оценската мисија на ЕУ. Овој Акциски план беше усвоен како официјален документ од страна на Судскиот совет.
Исто така, во текот на тридневната работилница со членовите на Судскиот совет, работевме на подзаконски акти кои го вклучуваат Деловникот и евалуацијата на работата на судиите кои аплицираат за унапредување; тоа се сите елементи од препораките на Оценската мисија. Дополнително, беше организирана и тркалезна маса за дисциплинските постапки во Јавното обвинителство на која беше презентиран извештајот за дисциплинските постапки, изготвен од наши експерти и беше отворена дискусија во врска со потребата од измени на Правилникот за дисциплинска постапка.



**Со вашето професионално искуство како судија во Полска, и имајќи ги во предвид неодамнешните успешни напори за заштита на судската независност, може ли да споделите некои практични сознанија и препораки засновани на вашето искуство кои би можеле да им користат на судиите и да го подобрат целокупниот правен систем во нашата земја?**

Кога започна таканаречената „реформа’’ на судството во Полска (за жал не беше она што може да се очекува кога ќе се слушне зборот „реформа’’), ние како судии сфативме дека најважното прашање за одржување на судската независност е да се стекне поддршката на јавноста, односно поддршката од општеството, како и од европските колеги.

Јас сум судија во Полска и член на Здружението на судии Јустиција, но, исто така бев шеф на канцеларијата на Националниот судски совет кога сето тоа започна, така што директно бев вклучен во напорите за одржување на независноста на судството. Она што го научивме како судии е дека треба да допрете до луѓето, не можете да се потпрете само на објаснувањето во образложението на пресудите - како што секогаш ни велеа на почетната обука. Во Полска, научивме дека овој пристап е погрешен.

Довербата на општеството е клучна за да може правосудтството да ја одржи независноста и да ги заштити демократијата и владеењето на правото. Судиите мора да ја разберат нивната улога како слуги на општеството и ефективно да комуницираат со него. Според европските стандарди развиени не само во пресудите на Европскиот суд за човекови права, туку и во мислењата на Венецијанската комисија и мислењата на Консултативниот совет на Европски судии (CCJE), судиите имаат право да се изјаснат кога станува збор за јавната дебата за реформи во правосудството. Јуститција ги поддржуваше судиите кои беа нападнати, суспендирани или подложени на дисциплински постапки и исто така активно учествуваше во јавните дебати за судските и образовните програми. Многу полски судии, обвинители и адвокати беа едуцирани за Уставот, важноста на почитувањето на законите и улогата на судиите и обвинителите. Оваа инвестиција во младите луѓе и идните генерации може да биде корисна за судските и обвинителските здруженија во Северна Македонија.И токму тоа го направи Јустиција, бидејќи не само што ги поддржа судиите кои беа нападнати од другите власти во државата, беа суспендирани или беа предмет на дисциплински постапки, туку Јустиција беше многу активна и во јавната дебата за судството и образовните програми. Многу полски судии, обвинители и адвокати одеа во училишта (основни и средни) и држеа предавања за Уставот, важноста да се почитуваат законите и каква треба да биде улогата на судиите и обвинителите. Може да се каже дека ова е еден вид инвестиција во младите луѓе, во идните генерации. Мислам дека ова искуство може да биде многу корисно за здруженијата на судии и обвинители во Северна Македонија.

Имавме многу луѓе во Полска кои излегоа на улиците да протестираат пред зградите на судовите за да ја одбранат независноста на судството.

Исто така, имавме поддршка од европските судии и од институциите како Консултативниот совет на Европски судии (CCJE), Европската мрежа на Судски совети (ENCJ) или Европското здружение на судии (EAJ), кои изготвуваа многубројни декларации, како и кои присуствуваа на „Маршот на 1000 судиски наметки'' во јануари 2020 година, кој собра над 30.000 луѓе во Варшава.

На многу студено време, судиите од главно сите европски земји маршираа по улиците на Варшава облечени во нивните судиски тоги (што е сосема невообичаено надвор од судницата), на тој начин протестирајќи против обидите да се наруши независноста на судството.

Имаше момент, кога се почувствував многу емотивно, на уште еден протест пред Врховниот суд, кога властите се обидоа да ја намалат возраста за пензионирање на судиите на Врховниот суд на Полска, со што се ослободија од повеќето од нив. Бев таму со моите пријатели и видов дека некој ставил голем транспарент на зградата на судот со натпис: „Ова е нашиот суд". Тоа беше одличен момент и бев многу горд на моите сограѓани во Полска, бидејќи сфатив дека како општество, стигнавме до фаза во која навистина се залагаме за владеење на правото во нашите срца. Цврсто верувам дека моето, како и искуството на моите колеги од компонента 1, како и работата што ја правиме овде ќе ни помогне во градење и одржување на владеењето на правото во Северна Македонија.



МАЈ-АПРИЛ 2024

# КАЛЕНДАР НА СЛЕДНИ НАСТАНИ

**20 МАЈ – 23 МАЈ**

**Работилница за изготвување измени на Правилникот за дисциплинска постапка за јавните обвинители**

**Компонента 1**

**05 ЈУНИ**

**Антикорупциски дружења по работното време**

Бистро комедија

**Компонента 3**

**30 МАЈ – 31 МАЈ**

**Обука за техники на интервју и кризна комуникација наменета за работната група за односи со јавноста на пробациската служба**

Велес

**Компонента 4**

**29 МАЈ**

**Разоткривање на сомнителни дејства: Истражување на перење пари и презентирање на најдобрите практики во Република Словенија**

**Компонента 2**

**03 ЈУЛИ**

**„Разговори за еднаквост“ за инклузивно образование со КСЗД**

Скопје

**Компонента 4**






# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ













**Публикација:** Поддршка на ЕУ за владеење на правото, трет квартален извештај - Добри вести од владеење на правото
**Период на известување:** 8 февруари - 7 мај 2024
**Изменето од:** Кристина Весиќ, Службеничка за видливост
**Дата на издавање:** Февруари 2024
**Адреса:** Васил Главинов 14, Скопје 1000
**Електронска пошта:** kristina.vesikj@rolaw.mk

Финансирано од Европска Унија